**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 14.8.2018 година**

**Скопје, август 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 14.8.2018 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Оливера Нечовска и Снежана Наџаковска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на Записникот од 81-та седница на Владата, одржана на 24.7.2018 година
Усвојување на Записникот од 82-та седница на Владата, одржана на 31.7.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција
  - Информација за организацијата, тековната состојба и идните цели на Секторот за подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија (Acquis) при Секретаријатот за европски прашања, согласно одлуката за почеток на скрининг процесот и очекуваната одлука за почеток на преговори со Европската Унија во јуни 2019 година
- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ
  - Информација за отворени прашања од ИПА
- Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО
- Статус на реализација на Рамковниот договор
  - Информација за недоследности во примената на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор, согласно начелото на соодветна и правична застапеност и
  - Информација за состојбата со правичната застапеност на вработените во Министерството за финансии

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Годишна сметка за 2017 година, Годишен извештај за работењето во 2017 година и Ревизорски извештај на независна ревизија на финансиските извештаи на ЈП „Стрежево“ - Битола за 2017 година, со дополнување и Предлог–одлуки
2. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево” - Битола за 2017 година
3. Барање за донесување на Одлука за отстапување на 400.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници „Транспорт“ АД – Скопје, со Предлог–одлука
4. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор

5. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање

6. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење недвижна ствар на Акционерско друштво „Македонска информативна агенција“

7. Информација за годишните извештаи за ревизорска активност и годишните ревизорски мислења за 2017 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

8. Предлог - одлука за продажба на движни ствари

**б) Економски систем и тековна економска политика**

9. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од хотел Уникат – Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

10. Информација во врска со донесување на одлука за започнување на постапка за избор на универзален снабдувач, со Предлог – одлука

11. Информација за предлог Анекс кон Договорот за доделување на државна помош на Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје

**в) Политички систем**

12. Предлог-закон за ратификација на измените и дополнувањата на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, извршени со Одлука број 1/2017 на Мешовитата комисија на ЕУ-ЕФТА за заеднички транзит

13. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/715 на Советот од 14 мај 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, со Предлог–одлука

14. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/778 на Советот од 28 мај 2018 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог–одлука

15. Информација за имплементација на ИПА II Акциска програма 2014 „Поддршка на секторот правда”, со Листа на проекти

16. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Кипровска Лукиќ против Република Македонија, А.бр. 37953/13 и 48643/16 пред Европскиот суд за човекови права

17. Информација за реализација на Договорот меѓу Република Македонија и Европравда (Eurojust)

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

18. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија

19. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година, со Извештај за спроведување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година

20. Предлог-решение за назначување на членови на Координативно тело одговорно за координирање на спроведувањето на Стратегијата за формализација на неформалната економија 2018-2022 година

21. Извештај за преземени мерки и активности за 2017 година за спроведување на Националната стратегија за стари лица и Оперативен план за 2018 година за спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година

22. Информација за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189

23. Информација за потребата од формирање на Работна група за подготовка на Национален акциски план за култура (НАП за култура), согласно Стратегијата за Роми 2014-2020 година

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

24. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

**б) Политички систем**

25. Предлог-одлука за утврдување на работи од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија

26. Предлог-одлука за доделување средства за академски универзитетски студии од втор циклус „Габриела Коневска Трајковска“ од обласга на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство за административни државни службеници, за академската 2018/2019 година

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

27. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

28. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за 2017 година, Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за годината која завршува на 31.12.2017 година, како и Финансиски план на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за деловната 2018 година

29. Финансиски план за измена на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за 2018 година

30. Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (I Фаза)

31. Статут на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (I Фаза)

32. Статут на Универзитетот во Тетово (I фаза)

33. Статут на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (I фаза)

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

34. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија, под У.бр.67/2018, за поведување постапка за оценување на уставноста на делот „во процент“ и делот „точка 1“ од членот 37 став 10 и делот „став 10 на“ од членот 37 став 11 од Законот за слободни економски зони („Службен весник на Република Македонија“, бр. 56/1999, 41/2000 и 6/2002), поднесена од Игорчо Точев од Кочани

35. Иницијатива поднесена од Здружението за посредување во медијација и медијатори Медијатор РС - Скопје од Скопје доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.72/2018 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и круг на лицата кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми, објавени на веб-страницата на Министерството за правда

36. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.156/17, донесено на седницата одржана на 11.7.2018 година за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност на штети предизвикани на трети лица во целина, донесена од Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност на 6.5.2006 година и Тарифата за изменување и дополнување на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност на штети предизвикани на трети лица донесена од Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност на 14.7.2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/2017)

37. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 193 за КО Г Волковија, на КП бр. 131, КП 408, КП 429 и КП 475

38. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12174 за КО Сарај на КП бр. 10710/3 место викано Сарај

39. Понуда од нотар Жаклина Николиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 79805 за КО Карпош на КП бр. 7148/2 викано место В. Мицков

**д) други предлози**

40. Кадровски прашања

41. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

42. Информација за реконструкција на успорната градба (брана) на АД ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, на реката Вардар со изградба на мала проточна хидроелектрана

43. Извештај на независниот ревизор за извршена ревизија на работењето на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош за периодот од 1 јануари до 31 декември 2017 година

44. Информација за квалитетот на воздухот во Република Македонија за јуни 2018 година

45. Информација за прогресот на активностите во врска со отворањето на Заедничкиот нов граничен премин наменет за меѓународен патен сообраќај меѓу Република Македонија и Република Косово „Белановце - Станчиќ“

46. Информација за плановите на Република Србија во однос на отворањето на Граничниот премин за локален сообраќај „Лојане - Миратовац“

47. Извештај за текот на имплементација на Планот за гаранција за млади (пилот фаза 2018 година)

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

48. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година

49. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година

50. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство на лековити растенија, трговија, промет и услуги Т.Х.Ц Куалити груп ДООЕЛ увоз-извоз Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

51. Информација за Вонредното собрание на акционери на Европа Ре, што ќе се одржи на 27 август 2018 година во Цирих, Швајцарија

*

* *

- Владата без забелешки го усвои Записникот од 81-та седница на Владата, одржана на 24.7.2018 година.

- Владата го усвои Записникот од Осумдесет и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 31.7.2018 година со заклучок Точката 122 да се измени и да гласи:

  „Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за актуелната состојба на Бирото за регионален развој, проблемите со кои се соочува и потребата од зголемување и унапредување на капацитетите на Бирото за регионален развој, со цел функционирање на Бирото, поради потребата истата да биде доставена до Владата преку Министерството за локална самоуправа.

  Истовремено, Владата заклучи сите органи во состав на министерствата, со исклучок на инспекторатите, своите материјали да ги доставуваат до Владата преку ресорните министерства“.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

- **Информација за организацијата, тековната состојба и идните цели на Секторот за подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија (Acquis) при Секретаријатот за европски прашања, согласно одлуката за почеток на скрининг процесот и очекуваната одлука за почеток на преговори со Европската Унија во јуни 2019 година**

Владата ја разгледа Информацијата за организацијата, тековната состојба и идните цели на Секторот за подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија (Acquis) при Секретаријатот за европски прашања, согласно одлуката за почеток на скрининг процесот и очекуваната одлука за почеток на преговори со Европската Унија во јуни 2019 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања да започне со подготовка на проектни задачи (ТоР-ови) за ангажирање на надворешни соработници, кои што ќе бидат ангажирани преку Рамковна спогодба за јавна набавка за период од три години, почнувајќи од јануари 2019 година.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

  - **Информација за отворени прашања од ИПА**

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања од ИПА и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и ИПА секторите да организираат состанок со крајните корисници на ИПА проектите (внатрешните сектори во рамките на своите министерства, Јавното обвинителство на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Државната комисија за спречување на корупција итн.) поврзан со користењето на набавената опрема преку ИПА проектите и да ги информираат Владата и Секретаријатот за европски прашања за преземените чекори на наредната седница.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да изнајде решение за сместување на Државната комисија за спречување на корупција со цел одговор на потребата за инсталирање и користење на опремата набавена преку ИПА и на наредната седница да го извести Секретаријатот за европски прашања и Владата за предлог - решението.

3. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со правосудните органи и институции да ја информираат Владата, најдоцна до крајот на август 2018 година за начинот и роковите за зајакнување на административните капацитети преку нови вработувања, преместување, ротација на кадар во оние сектори каде се спроведуваат ИПА проекти.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја информира Владата за начинот на користење на процедурите, документите што се подготвени од ИПА проектите на наредната седница.

5. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за образование и наука да назначат ИПА координатори во своите институции и за истото да го известат Секретаријатот за европски прашања и Владата на наредната седница.

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО**

Владата заклучи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи да подготви и за наредната седница на Владата да достави предлог – закон за изменување на Законот за јавни набавки, со кој ќе се регулира можноста за ефикасно

користење на програмите ФМС и ЕРИП на Владата на САД, а во насока на успешно водење на пристапните преговори со НАТО.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

  - **Информација за недоследности во примената на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор, согласно начелото на соодветна и правична застапеност и**

  - **Информација за состојбата со правичната застапеност на вработените во Министерството за финансии**

1. Владата ја разгледа Информацијата за недоследности во примената на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор, согласно начелото на соодветна и правична застапеност и ја усвои со следните заклучоци:

   1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да подготви и до Владата да достави информација за сите институции кои немаат донесено годишни планови за вработување и кои немаат доставено извештај за спроведување на годишните планови за вработување.

   2. Се задолжува Државниот управен инспекторат да изврши инспекциски надзор во институциите на јавниот сектор кои немаат донесено годишни планови, кои немаат доставено извештаи и кои не ги почитуваат годишните планови за вработување.

   3. Се задолжува Агенцијата за вработување на Република Македонија да не пријавува вработени, без претходно да се достави Годишен план за вработување од страна на институцијата.

2. Владата заклучи Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените во Министерството за финансии да се разгледа на наредната седница на Владата, поради потребата д-р Драган Тевдовски, министер за финансии да ги провери и потврди податоците наведени во материјалот.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Годишната сметка за 2017 година, Годишниот извештај за работењето во 2017 година и Ревизорскиот извештај на независна ревизија на финансиските извештаи на ЈП „Стрежево“ - Битола за 2017 година, со дополнувањето, ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на ЈП „Стрежево” – Битола за 2017 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на ЈП „Стрежево” - Битола за 2017 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата согласно мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање го задолжи ЈП „Стрежево“ - Битола да преземе мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските кои се настанти во изминатиот период, како и подобрување на наплатата на побарувањата.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево" - Битола за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го разгледа Барањето за донесување на Одлука за отстапување на 400.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници „Транспорт" АД – Скопје, со Предлог-одлука и по Барањето го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници „Транспорт" АД-Скопје.

Трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да ги плати Македонски железници „Транспорт" АД – Скопје, согласно мислењето на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење недвижна ствар на Акционерско друштво „Македонска информативна агенција" (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за годишните извештаи за ревизорска активност и годишните ревизорски мислења за 2017 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, односно Националниот координатор за авторизација (НАО), Секторот за управување со ИПА средства и Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД) и Националниот ИПА Координатор (НИПАК) да преземат мерки и активности за обезбедување на соодветен квалификуван кадар за имплементација на претпристапната помош на Европската Унија во Република Македонија (ИПА).

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии да достават до Владата решение (политика) за задржување и мотивирање на кадарот во ИПА структурата и истата да се имплементира во најкраток можен рок.

3. Се задолжува Министерството за финансии да ја информира Владата за функционалноста на Менаџмент информациониот систем за имплементација на ИПА (МИС).

4. Се задолжува Министерството за финансии (ЦФЦД) и Оперативната структура одговорна за ИПА II во Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски за навремено објавување на тендери и поефикасна имплементација на ИПА II, со цел зголемување на апсорпцијата, како и за преземање на мерки за обезбедување на свесност кај крајните корисници за одржливост на проектите.

5. Се задолжува Оперативната структура одговорна за секторите: владеење на правото и фундаменталните права, животна средина и климатски акции и транспорт (Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за транспорт и врски) да обезбедат соодветни капацитети за редовно спроведување на внатрешна ревизија за ИПА II.

## Точка 8

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од хотел Уникат – Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Уникат, со седиште на ул. Партизанска бр. 56, Охрид од прва категорија со пет (5) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на одлука за започнување на постапка за избор на универзален снабдувач, со Предлог – одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за започнување на постапка за избор на универзален снабдувач, во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и Министерството за економија, а се укажува на Регулаторната комисија за енергетика и Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), во рок од три дена да номинираат по еден член и заменик член во Комисијата за спроведување на постапката за избор на универзален снабдувач.

3. Се задолжува Комисијата за спроведување на постапката за избор на универзален снабдувач, во рок од 14 дена да ги достави Јавниот повик и Тендерската документација до Владата на Република Македонија на усвојување.

## Точка 11

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за предлог Анекс кон Договорот за доделување на државна помош на Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје и го усвои со следниот заклучок:

- Се овластува Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за привлекување странски инвестиции, да го потпише предложениот Анекс кон Договорот за

доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје.

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлог - законот за ратификација на измените и дополнувањата на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, извршени со Одлука број 1/2017 на Мешовитата комисија на ЕУ-ЕФТА за заеднички транзит, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереник м-р Ѓоко Танасоски, директор на Царинска управа.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/715 на Советот од 14 мај 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/715 на Советот од 14 мај 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против  Демократска Народна Република Кореја, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/778 на Советот од 28 мај 2018 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, со нов текст на Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/778 на Советот од 28 мај 2018 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на ИПА II Акциска програма 2014 „Поддршка на секторот правда", со листа на проекти (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Листата на проекти коишто ќе се финансираат во рамките на ИПА II Акциска програма 2014 „Поддршка на секторот правда" која што е составен дел од оваа информација.

2. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии, во рок од 10 дена, да го дополни Планот за јавни набавки врз основа на новите предлог проекти кои ќе се финансираат во рамки на Акциската програма ИПА 2014 „Поддршка на секторот правда".

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Кипровска Лукиќ против Република Македонија, А.бр. 37953/13 и 48643/16 пред Европскиот суд за човекови права и ја усвои Информацијата се следниве заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Македонија за пријателско решавање на предметот Кипровска Лукиќ против Република Македонија, А.бр. 37953/13 и 48643/16.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантката Фросина Кипровска Лукиќ, во случајот Кипровска Лукиќ против Република Македонија, 37953/13 и 48643/16; ќе и исплати износ од 5,250 EUR (пет илјади и двеста педесет евра) во денарска противвредност.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во случај апликантката во предметот пред Европскиот суд за човекови права, Кипровска Лукиќ против Република Македонија, А.бр. 37953/13 и 48643/16 да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантката да и понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Договорот меѓу Република Македонија и Европравда (Eurojust) и ја усвои со следниов заклучок:

- се задолжува Министерството за правда во рок од седум дена да ја извести Европравда (Eurojust) дека лицето - контакт точка од Министерството за правда, г-ѓа Гордана Милевска останува непроменето, а дека г. Јован Илиевски повеќе нема да биде лице - контакт точка од Република Македонија и дека на негово место се определуваат: г-ѓа Гордана Смаќоска, јавна обвинителка во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, г. Ермон Незири, јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје и г-ѓа Сања Димовска, шефица на кабинетот на Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

## Точка 18

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања помеѓу Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии во врска со очекуваниот финансиски ефект кој би настанал како последица на предложеното изменување и дополнување на Законот.

## Точка 19

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го донесе Решението за назначување на членови на Координативно тело одговорно за координирање на спроведувањето на Стратегијата за формализација на неформалната економија 2018-2022 година, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ги разгледа Извештајот за преземени мерки и активности за 2017 година за спроведување на Националната стратегија за стари лица и најновиот текст на

Оперативниот план за 2018 година за спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, ги прифати Извештајот и најновиот текст на Оперативниот план и го задолжи Националното координативно тело за следење и евалуација на имплементацијата на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година да обезбедува механизми за координација на регулирањето и практикувањето на политиките кои што директно или индиректно ги засегаат старите лица, со цел поедноставување на акциите и мерките во одделни сектори и на одделни нивоа.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189 на секои шест месеци да ја информира Владата, се до завршување на проектот.

**Точка 23**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потребата од формирање на Работна група за подготовка на Национален акциски план за култура (НАП за култура), согласно Стратегијата за Роми 2014-2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија да формира работна група со претставници од Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура и Агенцијата за остварување на правата на заедниците, со цел подготовка на Национален акциски план за култура, согласно Стратегијата за Роми 2014-2020 во рок од пет дена.

2. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Националниот акциски план за култура да го достави до Владата, најдоцна до крајот на октомври 2018 година.

**Точка 24**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (условно) доколку Министерството за финансии-Управа за имотно – правни работи достави позитивно мислење по текстот на Одлуката.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работи од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за доделување средства за академски универзитетски студии од втор циклус „Габриела Коневска Трајковска“ од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство за административни државни службеници, за академската 2018/2019 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ги разгледа Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за 2017 година, Извештајот на независниот ревизор и финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за годината која завршува на 31.12.2017 година, како и Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за деловната 2018 година и притоа го утврди следното мислење:

Извештајот за работата, финансиските извештаи и Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност се подготвени согласно член 230 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), според кој Комисијата за хартии од вредност е должна најдоцна до 31 мај во тековната година да достави до Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија годишен извештај за својата работа за претходната година, финансиски извештаи за претходната година, ревидирани од овластен ревизор и финансиски план за наредната година.

1. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за 2017 година

Во Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за 2017 година презентирани се активностите на Комисијата за хартии од вредност поврзани со нормативната дејност, лиценцирањето и контролата на учесниците на пазарот на хартии од вредност.

Во текот на 2017 година, Комисијата одобрила две емисии на акции, кои биле реализирани како приватни понуди и една емисија на корпоративни обврзници, издадена од страна на банка.

Во рамки на супервизорската функција, во 2017 година Комисијата извршила вкупно осум контроли. Од спроведените контроли Комисијата во 2017 година не утврдила неправилности во работењето кај брокерските куќи и кај овластените банки, освен кај една брокерска куќа кај која доставила укажување за доследно почитување на законската регулатива.

Од аспект на примената на Законот за преземање на акционерски друштва, Комисијата извршила вкупно осум контроли при што поради стекнување на акции спротивно на одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва, донела две решенија за ограничување на правото на глас и дивиденда.

Имајќи предвид дека Комисијата за хартии од вредност во 2017 година ги извршувала активностите во согласност со законските овластувања и преземала мерки за непречено функционирање на пазарот на хартии од вредност, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го усвои Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност за 2017 година.

2. Извештај на независен ревизор и финансиски извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за 2017 година

Според Билансот на приходи и расходи, Комисијата во 2017 година остварила вкупно приходи во износ од 45 милиони денари, за 50,75% помалку во однос на 2016 година кога вкупните приходи изнесувале 91,4 милиони денари. Намалувањето на приходите е од причина што во 2016 година, најголем дел од остварените приходи се резултат на остварените приходи од продажба на деловен простор во износ од 32,4 милиони денари. Останатите приходи на Комисијата остварени од нејзиното редовно работење

(приходи од остварени провизии и надоместоци, приходи од надзор) се на исто ниво како и во 2016 година.

Во 2017 година вкупните расходи на Комисијата изнесувале 44 милиони денари и се за 40,91% помали во однос на 2016 година кога изнесувале 89,6 милиони денари. Намалувањето на расходите во 2017 година во најголем дел се должи на помалите расходи за капитални и други средства кои во 2017 година изнесувале 10,7 милиони денари. Останатите расходи (материјални расходи и услуги, други расходи, плати и други надоместоци за вработените) се на исто ниво како и во 2016 година.

Финансиската година Комисијата ја завршила со добивка во износ од 769 илјади денари.

Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи реално и објективно ја презентираат финансиската состојба на Комисијата, поради што, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да ги усвои финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност за 2017 година.

3. Финансиски план за деловната 2018 година

Со предложениот Финансиски план на Комисијата за 2018 година, планирано е Комисијата да оствари приходи во износ од 53,9 милиони денари (зголемување од 19,69% во однос на остварените приходи во 2017 година) и расходи во износ од 48,8 милиони денари (зголемување за 10,85% во однос на остварените расходи во 2017 година). Од структурата на планираните приходи и расходи може да се констатира дека најголемиот дел од ставките се предвидени во ист износ како и во 2017 година. Зголемувањето на планираните расходи во 2018 година главно се должи на потребите за набавка на компјутерска опрема и нови софтверски решенија во насока на унапредување на ефикасноста на работењето на Комисијата.

Проекцијата на приходите и расходите е направена врз основа на планираните и реално остварените приходи и расходи во претходната година, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го усвои Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за деловната 2018 година.

## Точка 29

Владата го разгледа Финансискиот план за измена на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио-телевизија за 2018 година и по истиот утврди негативно мислење.

## Точка 30

Владата на предлог на министерот за образование и наука го одложи од разгледување Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (I Фаза) за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 31

Владата на предлог на министерот за образование и наука, д-р Арбер Адеми, го одложи за наредната седница разгледувањето на Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (I Фаза), поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 32

Владата на предлог на д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука го одложи разгледувањето на Статутот на Универзитетот во Тетово (I фаза) за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања.

## Точка 33

Владата на предлог на д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука го одложи разгледувањето на Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (I фаза) за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања.

## Точка 34

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија, под У.бр.67/2018, за поведување постапка за оценување на уставноста на делот „во процент“ и делот „точка 1“ од членот 37 став 10 и делот „став 10 на“ од членот 37 став 11 од Законот за слободни економски зони („Службен весник на Република Македонија“, бр. 56/1999, 41/2000 и 6/2002), поднесена од Игорчо Точев од Кочани и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива се оспоруваат одредбите од членот 37 став 10 во делот „во процент“ и во делот „точка 1“ и член 37 став 11 во делот „став 10 на“ од Законот за слободни економски зони („Службен весник на Република Македонија“, бр. 56/1999, 41/2000 и 6/2002).

Законот за слободни економски зони престанал со важност со донесување на Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“, бр.14/2007), односно како што е утврдено во членот 51, дека со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за слободни економски зони („Службен весник на Република Македонија“, бр.56/1999, 41/2000 и 6/2002).

Оттука, се смета дека е беспредметно предлагање на иницијатива за укинување на наведените одредби од Законот за слободни економски зони, кој не е дел од правниот поредок на Република Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли, односно да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 37 став 10 во делот „во процент“ и во делот „точка 1“ и член 37 став 11 во делот „став 10 на“ од Законот за слободни економски зони („Службен весник на Република Македонија“, бр. 56/1999, 41/2000 и 6/2002).

## Точка 35

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Здружението за посредување во медијација и медијатори Медијатор РС - Скопје од Скопје доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.72/2018 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и круг на лицата кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми, објавени на веб-страницата на Министерството за правда и притоа го утврди следното мислење:

Законот за медијација е изготвен според европскиот модел кој предвидува и обезбедува поекономична, побрза и поефикасна постапка, до која страните имаат лесен пристап и во која се гарантира правично постапување, неутралност, непристрасност и доверливост.

Подносителот на Иницијативата наведува дека на седницата, одржана на 3.5.2018 година, Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, ги утврдил Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и кругот на лицата кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми, со што Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, ги презел ингеренциите на Собранието на Република Македонија и со тоа што извршил измена и дополнување на членот 54

ставот (3) од Законот за медијација. Во Иницијативата се наведува дека овие услови биле објавени на веб-страницата на Министерството за правда без правна форма, односно неразбирливо, како и дека условите биле донесени во бланко форма, односно дека никој не бил потпишан, ниту било наведено на кој член од Законот за медијација се однесува дополнението или измената на членот. Понатаму се наведува дека Одборот ги донел Условите повикувајќи се само на членот 54 ставот (3) од Законот за медијација и дека со тоа Одборот го толкува тој член, а толкувањето на законите е во надлежност на Собранието на Република Македонија, согласно членот 68 од Уставот на Република Македонија. Во Иницијативата се наведува дека во таква форма Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и кругот на лицата кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитации на програми, можеле единствено да бидат доставени до Владата на Република Македонија, заради изменување и дополнување на веќе постоечкиот закон, а потоа тие измени и дополнувања требало да бидат доставени до Собранието на Република Македонија, каде се одлучувало со 2/3 мнозинство за законот. Подносителот на Иницијативата наведува дека пред примена на било која измена и дополнување на закони, а тоа важело и за овие измени и дополнувања задолжително требале да се објават во Службен весник на Република Македонија, каде ќе бил одреден рокот во кој ќе биле ставени во примена, кој рок не можел да биде помал од осум дена, освен во одредени случаи утврдени со Устав и закон.

Наводите на подносителот на Иницијативата се неосновани од следните причини:

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото.

Според член 51 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 68 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Во членот 110 од Уставот на Република Македонија е утврдена надлежноста на Уставниот суд, меѓу другото да одлучува за согласноста на законите со Уставот на Република Македонија и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот на Република Македонија и со законите, а согласно член 112 став 1 од Уставот е утврдено дека Уставниот суд ќе укине или поништи закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот.

Во членот 54 став (1) од Законот за медијација кој се однесува на условите за акредитација на програма за обука на медијатори, се пропишува дека Обуката на медијатори се врши според акредитирани програми за обука на медијатори.

Според став (2) од истиот член, акредитација се издава на програми кои ќе ги исполнат условите за акредитација на програмите за обука на медијатори.

Според став (3) од истиот член, условите за акредитација на програмите за обука на медијатори и кругот на лицата кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми ги утврдува Одборот.

Според став (4) од истиот член, издадената акредитацијата може да се продолжи или одземе во зависност од резултатите од евалуацијата на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори.

Според став (5) од истиот член, евалуацијата на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори ја врши Одборот најмалку еднаш во пет години согласно со методологијата и постапката за вршење на мониторинг и

евалуација на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори.

Видно од Записникот од одржана Деветтата седница на Одборот, одржана на ден 3.5.2018 година, Одборот истиот ден ги усвоил Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и кругот на лицата кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми и истите беа објавени на веб-страницата на Министерството за правда на 11.5.2018 година. Од тука, во конкретниот случај не станува збор за акт со кој се врши изменување или дополнување на Законот за медијација, ниту за толкување на Законот за медијација, туку постапување на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата согласно член 54 став (3) од Законот за медијација.

Според член 11 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, постапка за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт се поведува со решение на Уставниот суд по повод поднесена иницијатива.

Според член 12 од Деловникот, секој може да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт.

Според член 15 став 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт содржи: означување на законот, прописот или општ акт односно одделни негови одредби што се оспоруваат, причини за нивно оспорување, одредбите од Уставот, односно законот што се повредуваат со тој акт и името, односно називот, односно називот и седиштето на подносителот на иницијативата.

Оттука, согласно цитираните уставни, законски и одредби од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија може да се заклучи дека Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и круг на лицата кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми, донесени од Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата не претставуваат акт, односно во предметниот случај не се работи за оспорување на одредби од закон или некој друг правен акт од аспект на нивната усогласеност со Уставот на Република Македонија, а со оглед дека предметната иницијатива сама по себе е недоволно јасна, истите не би можеле да биде предмет на оценување на нивната уставност и законитост.

Имено, имајќи ги предвид уставните и деловничките одредби произлегува дека Уставниот суд на Република Македонија е надлежен за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт, а не и на услови кои немаат карактер на акт.

Согласно наведеното, начелно се укажува со оглед дека не е утврдена стриктна надлежност на Уставниот суд на Република Македонија за оценување на примената на некакви упатства што ги утврдил Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата за кои што не е видно дали истите претставуваат некаков акт, односно согласно наведените одредби од Деловникот за работа на Уставниот суд произлегува дека истиот е надлежен само за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение за отфрлање на Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и кругот на лицата кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми, објавени на веб-страницата на Министерството за правда, поради фактот што истите не претставуваат соодветен правен акт за кој Уставниот суд на Република Македонија е надлежен да постапува, согласно членовите 110 и 112 став 1 од Уставот на Република

Македонија, каде е утврдена надлежноста на Уставниот суд на Република Македонија.

## Точка 36

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.156/17, донесено на седницата одржана на 11.7.2018 година за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност на штети предизвикани на трети лица во целина, донесена од Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност на 6.5.2006 година и Тарифата за изменување и дополнување на Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност на штети предизвикани на трети лица донесена од Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност на 14.7.2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/2017) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 44 став (1) од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, Владата на Република Македонија формира Комисија за осигурување од автомобилска одговорност.

Во членот 45 став (1) од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2005, 70/2006, 81/2008, 47/2011, 135/2011, 112/2014 и 145/2015) е пропишано дека Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност изготвува тарифа на премија за осигурување од автомобилска одговорност и и предлага на Владата минимална и максимална стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност.

Согласно член 46 од истиот Закон, Владата на Република Македонија на предлог на Комисијата ја утврдува минималната и максималната стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност.

Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица е донесена врз основа на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот. Со Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица, се регулира начинот на пресметка на премиите за осигурување од автомобилска одговорност како задолжително осигурување, согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

Тарифата е донесена на 6.5.2006 година од страна на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност. Во член 19 од Тарифата е наведено дека истата ќе почне да се применува со денот на влегување во сила на Одлуката за утврдување на минимална и максимална стапка на техничка премија.

На 7.6.2006 година Владата на Република Македонија постапувајќи согласно законските овластувања, донела Одлука за утврдување на минимална и максимална стапка на техничка премија бр.19-2573/1, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.73 на 14.6.2006 година, која влезе во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен весник на Република Македонија.

Имајќи го во предвид наведеното, согласно член 19 од Тарифата, со влегување во сила на Одлуката бр.19-2573/1 од 14.6.2006 година, на 15.6.2006 година Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица започна со примена.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (,,Службен весник на Република Македонија” 81/08), во членот 45 во ставот (1) се додава нова реченица која гласи: „Тарифата по нејзиното донесување се објавува во Службен весник на Република Македонија.“ По донесување на наведеното дополнување на член 45 став (1) од Законот во 2008 година, Тарифата на премии за

осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица, првпат е измената во 2017 година. Измената на Тарифата е објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.144/2017 од 10.10.2017 година.

Законот за задолжително осигурување во сообраќајот е lex specialis. Со него е уредено задолжителното осигурување на: а) патници во јавен превоз од последици на несреќен случај - незгода; б) сопственици, односно корисници на моторни и приклучни возила; в) сопственици, односно корисници на воздухоплови и г) сопственици, односно корисници на бродови, односно чамци на моторен погон, од одговорност за штети предизвикани на трети лица во сообраќајот и други прашања од значење за задолжителното осигурување во сообраќајот (член 1 од Законот).

Согласно член 3 став (1) од Законот, сопствениците на превозни средства се должни пред да го пуштат превозното средство во сообраќајот да склучат договор за задолжително осигурување со друштво за осигурување кое има дозвола за вршење на работи на задолжително осигурување.

Согласно член 3 став (4) од Законот, друштвото за осигурување, кое врши работи на задолжително осигурување, е должно да го склучи договорот за задолжително осигурување согласно со одредбите на овој закон, Условите за осигурување и Тарифите на премии.

Со членот 9 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот е уредено дека „За се она што не е уредено со овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и Законот за супервизија на осигурување“.

Со членот 14 е уредено дека сопственикот, односно корисникот на моторно и приклучно возило е должен да склучи договор за осигурување од одговорност за штети, кои со употреба на моторното возило ќе им ја причини на трети лица поради смрт, телесна повреда, нарушување на здравјето, уништување или оштетување на предмети освен од одговорност за штети за предметите што ги примил на превоз.

Според цитираните законски одредби јасно и недвосмислено произлегува дека осигурувањето од автомобилска одговорност е задолжително осигурување кое заради спецификите во однос на доброволното осигурување на имоти и лица, е уредено со специјален закон, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, согласно кој сопствениците, односно корисниците на моторни и приклучни возила имаат законска обврска пред да го пуштат возилото во сообраќај да го осигураат во друштво за осигурување согласно одредбите од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и актите кои произлегуваат од него. Начинот на кој се пресметуваат премиите за осигурување предвидени со овој закон се предвидени со Тарифата и се задолжителни за исполнување на одредбите од овој закон.

Со донесување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (,,Службен весник на Република Македонија” 88/2005) каде во член 45 е пропишана обврската за донесување на Тарифа на премија за осигурување од автомобилска одговорност, јавноста е запознаена дека донесувањето на овој пропис е задолжително, односно дека без Тарифата законот е неприменлив во делот на автоодговорноста.

За обезбедување на транспарентност и пристап до информации на сите заинтересирани страни, Тарифата е објавена на веб страната на Националното биро за осигурување, а обезбедено е и соодветно информирање од страна на друштвата за осигурување (онлајн калкулатори, телефонски и онлајн центри за помош на осигурениците и широка мрежа на осигурителни застапници и брокери).

Оттука, се смета дека јавноста е соодветно информирана за содржината на Тарифата, а во секое време осигурениците може да добијат информации поврзани со одредбите од Тарифата кои се однесуваат на осигурување на нивниот тип возила пред склучување на договорот за осигурување.

Владеењето на правото и правната сигурност не се доведени во прашање со оспорената Тарифа, бидејќи граѓаните како осигуреници и оштетени во сообраќајни незгоди имаат право да побаруваат надомест на материјална и нематеријална штета загарантирано со Законот за облигационите односи и врз основа на полисите за осигурување склучени согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот. За илустрација, по овој основ во 2017 година пријавени се околу 26.000 барања за надомест на штета од автомобилска одговорност. Според тоа, воспоставениот систем за осигурување на сопственици на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица, е од исклучително значење за нормално функционирање на сообраќајот и слободното движење на патници и добра. Во сите земји е задолжително моторните возила да се осигураат од одговорност за штети предизвикани на трети лица.

Во однос на барањето на подносителите на Иницијативата Уставниот суд да ја поништи Тарифата, се укажува дека дејството на поништувачка одлука е ex tunc, што би предизвикало не само елиминирање на прописот од правниот поредок, туку би довело и до ретроактивно дејство на поништениот пропис.

Ова ќе предизвика негативни последици не само на подносителите на Иницијативата, туку и врз целиот осигурителен систем во Република Македонија, бидејќи ќе се оневозможи остварување на правото на осигурување од автомобилска одговорност, кое согласно Законот е задолжително, како и остварувањето на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија.

Оттука, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе одлука со која ќе оцени дека Тарифата е во согласност со Уставот на Република Македонија.

## Точка 37

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 193 за КО Г Волковија, на КП бр. 131, КП 408, КП 429 и КП 475 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерство за транспорт и врски.

## Точка 38

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12174 за КО Сарај на КП бр. 10710/3 место викано Сарај и не ја прифати понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 39

Владата ја разгледа Понудата од нотар Жаклина Николиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 79805 за КО Карпош на КП бр. 7148/2 викано место В. Мицков и по Понудата го усвои Известувањето на Министерство за транспорт и врски.

## Точка 40

1. Владата го разреши Лазо Велковски од должноста директор на Бирото за јавна безбедност, орган во состав на Министерството за внатрешни работи.

2. Владата ја разреши Атинка Барлјамнова Стојчевска од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.

2.1. Владата за членови Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, ги именува:

- Надица Анчевска и
- Елизабета Арирнова.

3. Владата го разреши Давор Миноски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод поради постоење состојба на судир на интереси.

4. Владата го разреши Башким Османи од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје, поради постоење состојба на судир на интереси.

5. Владата ја разреши Дафинка Петрова од должноста член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, на нејзино барање.

6. Владата поради спојување на ЈЗУ Здравствен дом Гевгелија и ЈЗУ Општа болница Гевгелија во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Гевгелија им утврди престанок на мандатот на членовите на Управниот одбор- претставници на основачот ЈЗУ Здравствен дом Гевгелија и тоа на:

- Александар Јакофовски,
- Петар Бојков и
- Ристо Картов.

7. Владата поради спојување на ЈЗУ Здравствен дом Гевгелија и ЈЗУ Општа болница Гевгелија во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Гевгелија им утврди престанок на мандатот на членовите на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница - Гевгелија и тоа на:

- Велика Димитрова,
- Јани Итев и
- Лазар Митров.

8. Владата го одложи од разгледување за наредната седница предлогот за именување на заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука.

**Точка 41**

1. Владата го разгледа Предлогот на Владата за спроведување на кампања од јавен интерес за референдум за прашањето „Дали сте за членство во НАТО и ЕУ со прифаќање на договорот меѓу Република Македонија и Република Грција?“ и го усвои со тоа што во последниот пасус наместо „Закон за државни службеници (2000)“, да стои „Закон за административни службеници“ и наместо „Етички кодекс на државните службеници (2002)“, да стои „Етички кодекс на административните службеници“, како и да се дополни со Насоки за добро управување на избрани и именувани лица во извршната власт.

Притоа Владата, заклучи:

1. Владата ќе спроведува кампања од јавен интерес за референдумот.

2. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, во рок од три дена да го информираат Министерството за финансии дали располагаат со вишок средства кои што можат да бидат користени во кампањата од јавен интерес за референдумот.

**2.** Владата, на предлог на д-р Драган Тевдовски, министер за финансии заклучи Заклучокот бр.59 од Извадокот од Нацрт-записникот од продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2017 година, точка 6 (Прашања и предлози) да престане да важи, со оглед дека истото задолжение е опфатено со Заклучокот бр. 36 од Извадокот од Нацрт-записникот од продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2017 година (точка 1).

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 30.7.2018 година до 5.8.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 6.8.2018 година до 12.8.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Барањето на Министерството за финансии за изменување на Заклучокот на Владата донесен по Информацијата за потребата од обновување на определени количини на нафтени деривати од задолжителните резерви во тековната 2018 година (точка 7, Заклучок бр.1), од Нацрт – записникот од 61-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27.3.2018 година и заклучи истиот да гласи:

„1. Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, најдоцна до 31 октомври 2018 година да подготви Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 35/11, 84/12, 43/14 и 83/18) и истиот да го достави преку Министерството за финансии до Владата.“

**6.** Владата заклучи сите буџетски корисници кои ја немаат доставено својата Предлог-буџетска пресметка за 2019 година истата да ја достават до Министерството за финансии најдоцна до 17.8.2018 година (петок).

Доколку буџетските корисници не постапат по укажувањата на Министерството за финансии, истото во нивно име ќе изготви предлог буџет за 2019 година согласно одредбите од Законот за буџетите.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за реконструкција на успорната градба (брана) на АД ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, на реката Вардар со изградба на мала проточна хидроелектрана, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи АД ТЕЦ Неготино - Неготино да ги има предвид следниве укажувања изнесени во мислењата на:

- Министерството за финансии (со укажување да се ажурира Студијата, односно да се изработи Физибилити студија за економска и техничка оправданост на инвестицијата со предлог - модели за финансирање, која ќе биде финансирана во целост од средствата на АД ТЕЦ Неготино, со оглед дека истата е од 2004 година),

- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев (со укажување предлагачот да одржи координативен состанок со АД ЕЛЕМ во врска со точните локации на електраните планирани со проектот Вардарска долина и можните влијанија на предметниот проект, со оглед дека наведената локација се коси со дел од проектот Вардарска долина - наведено во техничката документација) и

- Министерството за животна средина и просторно планирање (со укажување пред да се изготви студијата, согласно член 31 од Законот за води, потребно е од Министерството за животна средина и просторно планирање да се побара издавање на водостопански и други услови за проектирање и обезбедување на други информации со кои ќе бидат дефинирани сите влијанија во однос на водниот потенцијал на реката Вардар, како и усогласеноста на студијата со планските документи, Студијата за интегрален развој за река Вардар, Просторниот план на Република Македонија и Водостопанската основа на Република Македонија).

**Точка 43**

Владата го разгледа Извештајот на независниот ревизор за изврешена ревизија на работењето на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош за периодот од 1 јануари до 31 декември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитетот на воздухот во Република Македонија за јуни 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите во врска со отворањето на Заедничкиот нов граничен премин наменет за меѓународен патен сообраќај меѓу Република Македонија и Република Косово „Белановце - Станчиќ“, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за плановите на Република Србија во однос на отворањето на Граничниот премин за локален сообраќај „Лојане - Миратовац“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, министерот за надворешни работи и министерот за локална самоуправа да ја искористат можноста во рамките на отворање на прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија да разговараат и за отворање на овој граничен премин.

**Точка 47**

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за текот на имплементација на Планот за гаранција за млади (пилот фаза 2018 година), како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство на лековити растенија, трговија, промет и услуги Т.Х.Ц Куалити груоп ДООЕЛ увоз-извоз Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство на лековити растенија, трговија, промети услуги Т.Х.Ц Куалити груоп ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во предложениот текст.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за Вонредното собрание на акционери на Европа Ре, што ќе се одржи на 27 август 2018 година во Цирих, Швајцарија и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Вонредното собрание на акционери на Европа Ре што ќе се одржи на 27 август 2018 година во Цирих, Швајцарија.

2. Се овластува Халим Хида, советник, вршител на работите во Амбасадата на Република Македонија во Швајцарската конфедерација во Берн да ја претставува Владата на Република Македонија на Вонредното собрание на акционери на Европа Ре што ќе се одржи на 27 август 2018 година, да одлучува и да гласа во нејзино име на следниот начин:

- По членот 1 од Актот за основање: Промена на називот на Компанијата – ЗА;

- По членот 15 од Актот за основање: Одборот на директори да се состои од најмалку 3 члена - ЗА;

- По членот 19 од Актот за основање: Одборот на директори да може да го делегира, делумно или целосно, управувањето и застапувањето на Компанијата, само на трети лица - ЗА и

- По членот 23 од Актот за основање: Финансиската година да се дефинира во Актот за основање и да завршува на 31 декември - ЗА.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:05 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**